РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-7
23.01.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Известувањето за престанок на потреба од дозволата за радиоемитување од Република Северна Македонија – Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9, бр.23-1317/2 од 24.12.2024 година (наш арх.бр.08-5275/1 од 25.12.2024 г.) Изјавата, број УЗП 28/2025 од 09.01.2025 г. (наш арх.бр.08-62/2 од 14.01.2025 г.) од овластено лице – ректор на Универзитетот “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје и Заклучокот арх.бр.02-245/4 од 22.01.2025 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 2-та седница одржана на 21.01.2025 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Република Северна Македонија – Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Република Северна Македонија – Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9, е имател на дозвола за радио емитување, Уп1 бр.08-80 од 07.09.2023 г., кој емитува програма преку терестријален предавател, на регионално ниво на подрачјето на град Скопје, програмски сервис наменет за студенти, на македонски јазик.

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 25.12.2024 г., Република Северна Македонија – Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје - Непрофитната радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9, достави Известување бр.23-1317/2 од 24.12.2024 година (наш арх.бр.08-5275/1 од 25.12.2024 г.) дека поради финансиски причини ќе престане со работа на 31.12.2024 година. По повод цитираното Известување, Агенцијата на 03.01.2025 г. со Допис наш арх.бр.08-62/1, го извести наведениот радиодифузер дека согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) потребно е да достави изјава заверена на нотар од овластеното лице – ректорот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје, во која задолжително треба да биде наведено дека Република Северна Македонија – Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје – Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9, престанува со емитување на радио програма, со наведување на точен датум на престанок со емитување на радио програма.

На 14.01.2025 г. до Агенцијата од Република Северна Македонија – Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9, беше доставена Изјава број УЗП 28/2025 од 09.01.2025 г. заверена на нотар (наш арх.бр.08-62/2 од 14.01.2025 г.), од овластено лице - ректор – д-р Биљана Ангелова, дека Република Северна Македонија – Универзитет “СВ.КИРИЛ И

МЕТОДИЈ” во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од 31.12.2024 г. престанува со емитување на радио програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ, дозволата за радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2 од ЗАВМУ).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, со доставување на напредцитираната писмена Изјава од овластено лице – ректор на Универзитетот “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје, исполнети се законските услови за престанување на важноста на дозволата по сила на закон, по што Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот, Република Северна Македонија – Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г., Известувањето за престанок на потреба од дозволата за радиоемитување од Република Северна Македонија – Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9, бр.23-1317/2 од 24.12.2024 година (наш арх.бр.08-5275/1 од 25.12.2024 г.) Изјавата, број УЗП 28/2025 од 09.01.2025 г. (наш арх.бр.08-62/2 од 14.01.2025 г.) од овластено лице – ректор на Универзитетот “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје и Заклучокот арх.бр. арх.бр.02-245/4 од 22.01.2025 г., се донесе решение како во диспозитивот, кое влегува во сила веднаш.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Република Северна Македонија – Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје – Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9;
- Овластено лице – ректор на Република Северна Македонија – Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје основач на – Непрофитната радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.